Уп. бр. 08-20

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото Виенербергер АГ со регистрирано седиште на Винербергерплаз 1, 1100, Виена, Австрија, доставено преку адвокат Татјана Поповски Булоски од Скопје, на седницата одржана на ден 25.01.2023 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Виенербергер АГ со регистрирано седиште на Винербергерплаз 1, 1100, Виена, Австрија има намера да стекне индиректна единствена контрола над Тереал Холдинг С.А.С со регистрирано седиште на 13 Руе Пагес, 92150 Суреснес, Франција, преку купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 29.12.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на Виенербергер АГ со регистрирано седиште на Винербергерплаз 1, 1100, Виена, Австрија, со која Виенербергер АГ ќе се стекне со индиректна единствена контрола над Тереал Холдинг С.А.С со регистрирано седиште на 13 Руе Пагес, 92150 Суреснес, Франција, преку купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

- **Виенербергер АГ** е матично друштво на на Виенербергер Групација на друштва, меѓународен снабдувач со градежен материјал и инфраструктурни решенија кој работи на глобално ниво со фокус на материјали за градење ѕидови, материјали за покриви и системи за цевки. Портфолиото на Групацијата на Подносителот вклучува тули за ѕидови и фасади, ќерамиди за покриви, системи за пластични и керамички цевки, и бетонско и глинено поплочување.
Виенербергер Групација работи преку своите брендови како што се Виенербергер Корамик, Поротерм, Тондах, Терка, Пајплајф, Стеинзеуг-Керамо, Семелрок, Сандтоф енд Џенерал Шеј.

Со седиште во Виена, Виенербергер Групација во моментот е присутна во 28 земји, со 216 производствени локации и околу 19.000 вработени. Виенербергер Групација ги извезува своите производи на пазари низ целиот свет. Најважните крајни пазари според приходите се Соединетите Американски Држави и Обединетото Кралство.

-Виенербергер Групацијата е активна во Република Северна Македонија преку друштвото- **Виенербергер ДООЕЛ Виница**, со регистрирано седиште на ИГМ Пролетер 1, 2310 Виница, Република Северна Македонија, со основна деловна дејност-производство на цигли, ќерамиди и производи од печена глина за градежништво.
Виенербергер ДООЕЛ Виница управува со фабрика за облоги за покриви во Виница, со производи кои се продаваат во Бугарија, Република Северна Македонија, Албанија и Косово.

- **Тереал Холдинг С.А.С.** е производител на градежни материјали лоцирано во Франција со предмет на работење категоризиран во 4 главни активности – покриви, градење, користење на соларна енергија и фасада. Групацијата на Целното Друштво има околу 2.900 вработени.
Тереал Холдинг С.А.С. и некои од неговите поврзани друштва ќе бидат стекнати од Виенербергер АГ како дел од предложената трансакција. Зависните друштва на Тереал Холдинг С.А.С. - Цреатон Полска сп. з о о од Полска и Цреатон Југоисточна Европа Кфт од Унгарија, како и организација на продажба во Австрија на Тереал Холдинг С.А.С. ќе бидат задржани од (одредени) продавачи или продадени на независна трета страна купувач пред завршување на предложената трансакција.

Групацијата на Тереал Холдинг С.А.С. има посебен фокус на производство на производи за покриви, кое претставува околу 80% од нејзините глобални приходи. Нејзините активности во градењето, користењето на соларна енергија и фасадите претставуваат околу 10%, помалку од 10% и помалку од 5%. Нејзините локации за производство се во Франција, Германија, Соединетите Американски Држави, Италија и Шпанија. Групацијата на Тереал Холдинг С.А.С. работи преку своите брендови Тереал и Креатон.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација,

иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**